Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Карпош**, на ден 15.01.2024година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Објекти за времено сместување, на дел од КП 478/2, КО Бардовци Општина Карпош кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Објекти за времено сместување, на дел од КП 478/2, КО Бардовци Општина Карпош нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Објекти за времено сместување, на дел од КП 478/2, КО Бардовци Општина Карпош треба да се изработи согласно Член 58 став 6 од Законот урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и истиот нема да има негативни влијанија врз околината и животната средина .
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-290/1 од 15.01.2024 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ